**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 30-09-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 49- | 8815/2 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4131/2
29.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“**

**Предмет: Мислење за Предлог-иницијативата за Усогласување на законодавството со Законот за дигитални услуги**

Почитувани,

Во врска со Вашата Предлог-иницијатива – *Усогласување на законодавството со Законот за дигитални услуги*, доставена до Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија дадена по јавниот повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2026 година, Ве известуваме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го разгледа документот и смета дека предлогот е релевантен и прифатлив, имајќи предвид дека е неопходно да се отпочне со подготвителни активности за измени и дополнувања на националното законодавство, во насока на обезбедување соодветна примена на Законот за дигитални услуги.

Агенцијата изразува подготвеност активно да учествува во претстојниот процес и со својата експертиза да придонесе за негово успешно реализирање. Притоа, укажуваме дека, по примерот на државите-членки на Европската Унија, во активностите е нужно да бидат вклучени и други релевантни институции, со посебен акцент на Агенцијата за електронски комуникации.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Доставено и до:**
**- Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија, Одделение за соработка со невладини организации**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Влада на Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 26.09.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 4131/1 | | |

Сектор за анализа на политиките и координација/Одделение за соработка со невладини организации

Дата: 17/09/2025

Архивски број: 49-8815/1

До: Министерство за дигитална трансформација
Агенција за аудио и адуиовизуелни медиумски услуги

Предмет: Предлог иницијатива на Фондацијата за интернет и општество “Метаморфозис"

Почитувани,

Согласно член 14 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики („Службен весник на РМ" бр.99/2011) Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, на 15.8.2025 година, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, објави Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2026 година.

Предлог-иницијатива во електронска форма достави Фондацијата за интернет и општество “Метаморфозис" со наслов „Усогласување на законодавството со Законот за дигитални услуги".

Врз основа на член 11 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, Генералниот секретаријат на Владата-Одделение за соработка со невладини организации има обврска најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на известувањето на www.nvosorabotka.gov.mk да објави повратни информации од надлежните министерства и другите органи на државната управа.

Во таа насока, ве молиме во рок од 15 дена, во рамките на делокругот на надлежности на вашето министерство, да се произнесете за релевантноста и прифатливоста на предлогот со писмено известување до Фондацијата за интернет и општество "Метаморфозис" а фотокопија од известувањето да доставите до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Одделение за соработка со невладини организации.

Со почит,

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

ПРИЛОГ: Предлог-иницијатива за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година

Подготвила: м-р Миа Деспотовска, раководител на одделение за соработка со невладини организации
Одобрила: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација

Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk** со назнака **Иницијатива за ГПРВ 2026, до 15.9.2025 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Фондација за интернет и општество „Метаморфозис"

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5922020

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. „Франклин Рузвелт" бр. 19, кат 2 Општина Карпош, 1000 Скопје

Застапник: Бардил Јашари

Веб страница: https://metamorphosis.org.mk/

Електронска пошта (e-mail): info@metamorphosis.org.mk

Телефонски број за контакт: +389 2 3109 325; 070 327 261

Лице за контакт: Данче Даниловска Бајдевска

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година**

**Наслов на иницијативата:** Усогласување на законодавството со Законот за дигитални услуги

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

Усогласување на законодавството со Законот за дигитални услуги директно придонесува кон четири стратешки приоритети на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028, односно:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти.

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu)

- ‘Конкуренција и инклузивен раст’/ Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми
- ‘Основни реформи’/ Поглавје 23: Судство и фундаментални права, Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност
- Дигитална агенда за Западен Балкан
- Дигитална Европа
- План за раст на Западен Балкан
- Закон за дигитални услуги (Digital Service Act)

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

**Законот за дигитални услуги** (Digital Service Act) претставува амбициозна регулатива, како на ниво на ЕУ така и на глобално ниво, кој има за цел да ги заштити основните права на корисниците на дигиталните услуги. Тоа го прави со пропишување механизми за заштита на дигиталниот простор од нелегални содржини и со поставување правила за транспарентност и одговорност на дигиталните платформи. Заедно со Законот за дигитални пазари (Digital Markets Act), Законот за дигитални услуги е дел од Пакетот за дигитални услуги на ЕУ, чија цел е заштита на корисниците на дигиталните услуги истовремено поттикнувајќи иновации. Сепак, овие два закон носат голем број предизвици, најмногу поврзани со нивните потенцијални влијанија врз слободата на изразување.

Одредбите од Законот за дигитални услуги и Законот за дигитални пазари се директно применливи во земјите-членки на ЕУ и тие имаат многу ограничен простор за отстапки од правилата утврдени во овие закони. Сепак, малку поинаку е за земјите од Западен Балкан кои не се полноправни членки на ЕУ и како такви треба да поминат низ внимателно проценет, избалансиран и робустен процес на „преведување“ и прилагодување на одредбите во нивните национални закони.

Според Законот за дигитални услуги, регулирањето и надзорот на однесувањето на големите технолошки компании, особено најголемите социјални медиуми и пребарувачи, ги надминуваат границите на поединечни земји, и во рамките на ЕУ и на ниво на Западен Балкан. Како такви, тие спаѓаат под ексклузивна регулаторна одговорност на Европската комисија. Меѓутоа, земјите-членки како и земјите од Западен Балкан сè уште имаат клучна улога во обезбедувањето правилна и ефективна примена на

правилата за одговорност и механизмите за надзор пропишани од Законот за дигитални услуги и Законот за дигитални пазари во нивните земји од страна на давателите на дигитални услуги кои се под нивна јурисдикција.

Усогласувањето на законодавството со Законот за дигитални услуги е од суштинско значење во време кога целиот свет, меѓу кои и Владата на Република Северна Македонија, се стреми кон дигитална трансформација на општеството. Овој закон поставува високи стандарди за дигитални услуги и онлајн платформи во рамките на ЕУ, а бидејќи Северна Македонија се стреми да стане полноправна членка на ЕУ, усогласувањето на нејзините закони со Законот за дигитални услуги ќе придонесе кон унапредување на пристапниот процес и ќе обезбеди усогласеност со регулативите на ЕУ. Понатаму, Законот за дигитални услуги предвидува сеопфатни правила за онлајн платформите, вклучувајќи мерки за борба против нелегалните содржини, подобрување на транспарентноста и заштита на правата на корисниците, па така со усвојувањето слични регулативи на Северна Македонија ќе ѝ овозможи подобрување на дигиталното управување, односно поефективно решавање на прашањата во рамките на дигиталното управување. Имајќи предвид дека Законот за дигитални услуги вклучува одредби за справување со штетни содржини, дезинформации и други ризици на интернет, преку усогласувањето со овие стандарди, Северна Македонија ќе може подобро да ги заштити своите граѓани во дигиталниот простор и да промовира побезбедна онлајн средина. Дополнително, со усвојувањето на робустни дигитални регулативи може да се поттикне посигурен и попредвидлив дигитален пазар, што може да поттикне инвестиции и иновации, односно Законот за дигитални услуги може да помогне да се создаде поатрактивна средина за технолошките компании и стартапите. Воедно, ќе се поттикне и прекуграничната соработка со самото тоа што дигиталните платформи често функционираат преку границите, па така имањето конзистентни регулативи може да ја олесни подобрата соработка помеѓу Северна Македонија и земјите-членки на ЕУ во управувањето и регулирањето на дигиталните услуги. Законот за дигитални услуги ги нагласува мерките за регулирање поврзани со контролирање на содржината, транспарентноста и корисничките права, со цел да се создаде побезбедна онлајн средина а усогласувањето со овие одредби може да ја подобри заштитата на потрошувачите и довербата во дигиталните услуги.

Усогласувањето на законодавството со Законот за дигитални услуги ќе ги поддржи целите на Северна Македонија за интеграција во ЕУ, ќе ја подобри нејзината дигитална регулаторна рамка и ќе има корист за нејзините граѓани и бизнис секторот преку поттикнување на побезбедна и попредвидлива дигитална средина.

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

Надлежен орган за оваа иницијатива треба да биде Министерство за дигитална трансформација во соработка со Агенција за аудио и адуиовизуелни медиумски услуги, додека дополнително треба да се креира посебно независно тело Координатор за дигитални услуги (Digital Service Coordinator) како што налага Законот за дигитални услуги.

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

- Подобрување на безбедноста на корисниците на дигиталните платформи, како и заштитата на приватноста на корисниците.

- Поголема транспарентност и одговорност во врска со начинот на кој дигиталните платформи управуваат со содржините и рекламирањето што ќе помогне во изградба на доверба меѓу корисниците и платформите, како и поголема ефикасност со самото тоа што регулаторните органи ќе имаат подобри алатки за следење и контрола на платформите што ќе придонесе за подобро регулирање на дигиталниот простор.
- Подобрената регулатива и поголемата безбедност можат да привлечат инвеститори и компании во дигиталниот сектор што ќе придонесе за развој на локалната економија, а усогласувањето со европските стандарди ќе помогне на македонските компании да се интегрираат во европскиот пазар што пак може да отвори нови можности за проширување и соработка.
- Создавање можности за обука и развој на вештини во областа на дигиталните услуги и безбедноста на интернетот со што ќе ја зголеми стручноста на државната администрација, локалната работна сила, и други засегнати страни.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

Предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации. Потребните средства не се обезбедени.

**Прилози** (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

- Данче Даниловска-Бајдевска, „Кон остварливо спроведување на Законот за дигитални услуги на Западен Балкан: Студија на регулаторната и институционалната подготвеност за усогласување со Законот за дигитални услуги на Западен Балкан – Преглед по земја: Северна Македонија", Достапно на: https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/kon-usoglasuvanje-na-pravnata-ramka-na-severna-makedonija-so-zakonot-za-digitalni-uslugi-na-eu/
- Данче Даниловска-Бајдевска, „ Импликации од Законот за дигитални услуги на ЕУ на граѓанските организации и истражувачките новинари во Северна Македонија", Достапно на: https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/implikacii-od-zakonot-za-digitalni-uslugi-na-eu-na-graganskite-organizacii-i-istrazuvachkite-novinari-vo-severna-makedonija/

15.9.2025 година

М.П.

Потпис на застапникот